вечер
...прв дознава.



Таргетирано огласување
Ќе го таргетираме Вашиот оглас исто толку добро како и нашиот!

ВЕСТИ

НОВ ЗДРАВСТВЕН ПОРТАЛ

# Пронајди го својот лекар преку интернет!

Македонските граѓани преку интернет, односно преку страницата najdidoktor.mk ќе можат да добијат информации од областа на здравството и здравствените услуги што се нудат во болниците, ординациите не само во земјава туку и во регионов. Се работи за интернационален проект зад кој стои Владимир Лазаревик, поранешен заменик-министер за здравство и сегашен претседател на 60 Регионално собрание на СЗО за Европа.

Според Лазаревик целта на проектот кој претставува интегрирана регионална здравствена мрежа во Југоисточна Европа е да се добие целосна слика каде може да се добие конкретна здравствена услуга по специјалност и дали болницата или ординацијата што е во Македонија работи со здравствени картони.
- Може да се добијат целосни информации за стоматолошки ординации, лаборатории, аптеки и центри за рехабилитација. Страницата во моментов може да се следи на 7 јазици: македонски, англиски, бугарски, српски, албански, словенечки, унгарски, а наскоро ќе се прошири и на германски, грчки, хрватски и романски - вели Лазаревик и појаснува дека граѓаните ќе можат да добијат информации и за лекарите и здравствените институции од регионот и нивната специјалност.

Досега на страницата се ажурирани околу 2.000 лекари и 3.000 болници и ординации, но тој ги повика лекарите да отворат свој профил и со тоа да станат дел од првата интегрирана регионална здравствена мрежа.
Порталот нуди можност за невработените лекари да се евидентираат и со тоа да добијат можност да се вработат не само во земјава, туку и во регионов.
Крајната цел на порталот е во иднина преку интернет да може да се закажуваат прегледи и интервенции.

***(В.Ма.)***

Ми се допаѓа | На 9 луѓе им се допаѓа ова. Види прв од твоите пријатели. | Сподели 25 | Tweet



ИЗЈАВА НА ДЕНОТ
*Европската унија јасно треба да побара од Грција конечен компромис и решавање на спорот со името*
*Дитмар Нитан, член на Комисијата за ЕУ во германскиот Бундестаг*







ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ - Р. МАКЕДОНИЈА